РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-99/2
23.01 2024 год.
ПРОБИШТИП

**Општина Пробиштип**
*ул. Јаким Стојковски 1*
***тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47***
***www.probistip.gov.mk***

Врз основа на член 36 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип) 4/2005, 25/2014,14/2019 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип на ден 23.01 2024 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

До здуженија на граѓани и фондации за реализација на активностите во општина Пробиштип, предвидени во програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година

Се повикуваат сите заинтересирани регистрирани граѓански здруженија и фондации кои преку својата работа придонесуваат за развојот на локалната заедница да се пријават со предлог активности на јавниот повик. Предност ќе се даде на граѓански здруженија од општина Пробиштип но може да се пријават и граѓански здруженија и фондации од Република Северна Македонија а целна група да бидат жителите на општина Пробиштип.

Приоритетни цели, мерки, активности

Група 1
Специфична цел: Вклучување на родова перспектива во здравство

1. Мерка: Подигнување на свеста за водење грижа за сексуално и репродуктивно здравје
Активности: Вклучување на едукација за сексуално и репродуктивно здравје
Активности: Јавни трибини, работилници
2. Мерка: Подигнување на свеста за водење грижа за женско и машко здравје
Активности: Спроведување на кампања за подигнување на свеста
Активности: Работилници за превенција на машки и женски болести

Група 2
Специфична цел: Вклучување на родова перспектива во образованието
Мерка: Креирање на услови за управување со менструална хигиена
Активности: Едукативни активности и предавања во училишта за важноста и грижата за менструална хигиена

Група 3
Специфична цел: Промоција на еднаквост меѓу младите
Мерка: Превенција и спречување на врсничко насилство (булинг
Мерка: Превенција од насилство врз жени и девојчиња и семејно насилство
Активности: Едукативни активности и предавања, кампањи и одбележување значајни датуми

**Право на учество:**

-Регистрирани здруженија согласно Закон за здруженија и фондации со седиште во општина Пробиштип и надвор од општина Пробиштип со искуство во спроведување на едукативни работилници, трибини за горе наведените активности.

-Предложените активности да се во согласност со тригодишниот акциски план за родова еднаквост на општина Пробиштип за 2022-2024 година усвоен од Советот на општина Пробиштип со број 26-733/9 од 12.08 2022 година, (Службен гласник бр.8/2022)

-Предложените активности да се реализираат во 2024 година

-Едно здружение или фондација може да учествува во реализација на горе предложените мерки

**Потребна документација за пријавување на Јавниот повик**

-Предлог активности со буџет за реализација

-Решение (копија) за упис во регистар на здруженија и фондации на РСМ не постара од 6 месеци

-Профил на организацијата и стручни лица со кратки биографии кои ќе бидат одговорни за реализација на предложените активности.

Вкупен буџет изнесува 50.000 ден за секоја група на мерки или за сите три мерки изнесува 150.000,00 денари.

Избраните организации по реализација на активностите должни се да достават комплетен извештај од реализираните активности до општина Пробиштип

Јавниот повик трае до 10 работни дена од денот на објавувањето

Пријавата со целокупната документација и предложените предлог програми (активности) може да се достава до Архива на општина Пробиштип или преку пошта на адреса Јаким Стојковски бр.1 , 2210 Пробиштип секој работен ден од 07:30-15:30 часот или на емаил info@probistip.gov.mk

Предложените активности ќе бидат разгледувани од страна на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите .

Анкица Кијајова
Координатор за еднакви можности на жените и мажите
Марија Митева
Заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите

ГРАДОНАЧАЛНИК

ДРАГАН АНАСТАСОВ